Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 7 октомври 2020 година

**Скопје, октомври 2020 година**

# З А П И С Н И К
# од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 октомври 2020 година

Седницата започна во 11:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м- р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше Оливер Вархеји, еврокомесар за европска добрососедска политика и преговори за проширување.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

2. Прашања и предлози

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, му посака добредојде на еврокомесарот за европска добрососедска политика и преговори за проширување, Оливер Вархеји и се заблагодари за неговиот ангажман за унапредување на ЕУ интеграциите на Северна Македонија, како и на целиот регион на Западен Балкан.

Истакна дека неговата посета ја потврдува поддршката и солидарноста која не изостанува од Европската Унија во овие тешки времиња на пандемија од коронавирусот и ја изрази благодарноста на Владата и на сите граѓани, за солидарноста и помошта од страна на Европската Унија за здравствениот сектор, финансискиот пакет за соочување со социо-економските последици, како и макро финансиската помош која ќе биде нивно важно надополнување.

Претседателот на Владата, Зоран Заев нагласи дека посетата на комесарот Вархеји се остварува во исклучително значаен момент за нашата земја, во година кога станавме членка на НАТО и во период кога се очекува усвојување на Преговарачката рамка од страна на Советот на ЕУ и закажување на првата Меѓувладина конференција помеѓу Европската Унија и Северна Македонија до крајот на 2020 година за време на германското претседавање со Европската Унија.

Исто така, додаде дека во текот на вчерашниот ден (6.10.2020 година), Европската комисија го објави Годишниот пакет за проширување кој го вклучува годишниот Извештај за процесот на пристапување на земјата во Европската Унија, како и Економско-инвестицискиот пакет за Западен Балкан, како два исклучителни важни документи за ЕУ агендата на Република Северна Македонија.

Тој потенцираше дека, Извештајот на Европската комисија дава јасна слика за напредокот на земјата, но и за областите каде треба дополнително подобрување и усогласување со европските стандарди. Извештајот ќе се искористи за подготовка на првите акциски планови и стратегии од првиот кластер посветен на Темелните вредности, кои натаму ќе се преточат во преговарачки позиции на нашата земја.

Истовремено, истакна дека финансиската поддршка од 9 милијарди евра преку ИПА III , ќе испрати силна порака за поддршка на ЕУ перспективата на регионот и за комплементарноста на реформските процеси со забрзаниот економски развој.

Во своето обраќање, комесарот Оливер Вархеји нагласи дека ова е ден за паметење за нашата заедничката цел на Северна Македонија и Европската Унија – стартот на преговорите и остварувањето на членство на Република Северна Македонија во ЕУ.

Еврокомесарот Вархеји додаде дека добрата вест е што сега Северна Македонија има уште една силна причина да работи уште повеќе на спроведување на реформите и на успешна завршница на подготовките за преговорите бидејќи станува збор за остварувања што ќе ја променат иднината на земјата.

Еврокомесарот Вархеји, потенцираше дека со економската помош за земјите од Западен Балкан во висина од 9 милијарди евра, Европската Унија се обврзува да ја забрза европеизацијата на регионот и со забрзано економското закрепнување и за оваа намена извештајот на Европската комисија ги нотира главните области кои треба да бидат помогнати.

Како посебно важни, комесарот Вархеји ги истакна регионалните инфраструктурни проекти за автопатно и железничко поврзување на главните градови на земјите од регионот, за што Европската Унија направи и измени во своите политики и согласно планот на Економско-инвестицискиот пакет за Западен Балкан учеството на ЕУ во кофинансирањето на овие проекти ќе биде во висина од 40% наместо досегашните 20%.

Во планот за реализација на Економско-инвестицискиот пакет за Западен Балкан приоритет има и поддршката на енергетските проекти за регионално поврзување, како и инвестирањето во социјалните и човечките ресурси во образованието и во политиките за спречување на иселувањето на младите.

Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров истакна дека Годинешниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија е реална и објективна слика, но и референтна основа за нашите обврски во овој период.

Д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи се осврна на некои актуелни регионални и соседски прашања во регионот и изрази благодарност што комесарот Вархеји и Европската комисија заседоа принципиелни позиции околу обликувањето на делот за добрососедските односи и употребата на државните атрибути во нацртот на преговарачката рамка.

Министерот за правда, м-р Бојан Маричиќ, потенцираше дека институциите се подготвени за трансформација и европеизација на Северна Македонија во очекување на конечното отворање на преговорите со Европската Унија и на почетокот на првата Меѓувладина конференција во декември оваа година.

На крајот, претседателот на Владата, Зоран Заев истакна дека годинешниот извештај на Европската комисија, како и Економско-инвестицискиот пакет за Западен Балкан, најавуваат нова ера за успешно спроведување на реформите, за регионалната соработка и дека планот на Европската комисија во наредните 4 до 5 години се поклопува со мандатот на оваа влада, со што се совпаѓаат целосно интересите на Европската Унија со Програмата на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |